# Одговор на писмото на Владимир Димитријевиќ

Брате Владимире Воистину се роди Христос Бог наш.

Ти, у твом писму, као знак и доказ љубави коју је владика Николај имао према нашем народу, наводиш да је владика често у својим проповедима убацивао и читаве реченице на македонском. А ето, ми Македонци, од 1945 па на вамо до дан данас, сваки пут кад пишемо, сваки пут значи, у наши правопис уносимо српска слова: ќ, ѓ, љ, њ, ј (па чак и уместо слово ъ данас пишемо: ’). Па ето, брате Владимире, нек то буде знак наше љубави према вама браћи Србијанцима.

Тако и ја, у ово моје писмо туге, писачу на македонским литературним језиком, због тога што је Вуков језик мени туђ, а довољан знак моје љубави и благонаклоности нек буду редовно и узакоњено убацивана и писана та српска слова у моје речи, уместо слова моих дедова и отаца: кь, гь, ль, нь, й, я, ъ, щ, ю, који су они и једино знали писати. Ето брате, Димитрије, колика је наша љубав према вама, ми смо за свагда, а не само повремено у проповеди, одлучили да у наш правопис убацимо слова српске чирилице, па нека то буде довољан знак и потврда наше благонаклоности и љубави прека вама, а сада ћу писати на македонском. И ако даш приговор, да до сада српски језик мени иде добро, знај да је то само због тога што сам био задња генерација у титовој Југославии која је у школи учила српски. Али то је, хвала Богу, веч одавно прошло време.

Најнапред брате Владимире, да ви заблагодарам во име на Циганите од охридско и Македонија (коишто во уставот на Р. Македонија се нарекуваат Роми, и тоа е единствен устав во светот во којшто Ромите уживаат официјален статус) за вашата грижа и љубов кон нив додека сте биле во Мачедонија (како што ти секогаш во твоето писмо ја нарекуваш мојата земја). Да, да, искрено му благодарам на владиката Николај за тоа што ги облекол охридските Роми во свила „из америке“.

Ти брате мој, велиш дека Охрид е и твое срце- и фала Му на Бога што тоа го признаваш, оти пред времето на Великиот оној Подвижник, Светител и Јерарх Сава, крвта на Животот и за вас Србите доаѓаше преку Охрид. Но ти, во твоето писмо тоа време го заборуваш, или намерно го премолчуваш. Ти го споменуваш Охрид во времето на св. Милутин, во времето на Царот Душан, и потоа веднаш скок: во времето на владиката Николај. Но тие времиња се после свети Сава, брате мој! Во тие времиња вие Србите веќе имавте свое Срце, а Охрид во времето на Николај имаше жалосен статус на мал некој крвен сад (но никако срце) оти беше понижен до митрополија, во чиј состав, авај иронија најголема, велиш дека влегувала и Битола и тоа го кажуваш како нешто големо и за пофалба.

Зошто брате мој, заборуваш и не споменуваш ништо за почетоците на Охрид? Каде е Самоил? Каде се во твоето писмо тврдините на Царот за кој до ден денес меѓу Охриѓани постои сеќавање со голема почит, а самите тврдини сеуште се венец на Градот (или ’варош свих вароши‘ како што го нарекуваш ти Охрид хехе)? Кој ја втемели и изгради идејата Охрид Славјански Ерусалим, ако не Царот Самоил? Каде се брате во твоето писмо славните Јерарси и Светители, Архиепископи на Охрид? Каде е споменот за Давид, Јоан, Лав, Теофилакт, Димитриј Хоматијан, Варлаам светиот новомаченик и Арсениј последниот наш Отец и Патрик Свет? Што, зарем најславен и највелик владика во Охрид беше

Николај? Каде има во твоето писмо барем и збор кој го навестува споменот за Света Софија, Светилиштето и Олтарот на овој мој народ, и времето во која на нејзиниот престол се устоличувале Архиепископи коишто мојот народ ги избирал самостојно? Само колку да те потсетам брате мој, тогаш на Архиепископите Охридски не им се пееле многолетсвија како на српски егзарси, ами малку поинаку. Добро знаеме брате како гласеле титулите на нашите Архиепископи, и тоа вие Србите мудро го премолчувате, оти за вас тоа име е страшно, не може вашето „вистинињубие“ да издржи нити една ’б‘уква од титулата на нашите Патрици, а тоа што и јас овдека ќе ја премолчам е токму повторно ваша заслуга.

Е брате и пријателе мој Владимире, не само поради комунистите коишто ти ги обвинуваш во твоето писмо за ширење на лаги помеѓу мојот народ, ами и пред тоа и поради дејсноста на световните и духовните власти ’у краљевини Југославије‘ и меѓу другото, токму поради дејсноста на владиците Николај охридски и Јосиф скопски и српската интелегенција и администрација, вистината за овој народ сеуште не се кажува директно. Токму поради нив, пријателе, ние во Македонија, младите интелектуалци, кои ја знаеме вистината за нашиот народ, коишто фала Му на Бога ја читаме историјата на Црквата, и веќе нашите умови се ослободија од сенката на српскиот вел (после падот на СФРЈ), сеуште не можеме да се осмелиме отворено да му ја кажеме на нашиот напатен народ во целост и полнота.

Сигурен сум брате Владимире, дека ти многу добро ја знаеш вистината за нас, за Црквата во Охрид, за нашите Цареви од кои сме ја примиле светлоста на покрстувањето, за нашите Отци Климент и Наум (за чии просветители тие се нарекуваат во нивните црковни богослужби и синаксари, ти сигурно добро знаеш), оти и ти си интелектуалец и читаш. Но зошто премолчуваш? И кога тоа ние и вие сме биле едно? Да, едно сме на Светата Литургија (што за жал денес тоа не го признавате токму вие) како членови на Црквата Христова, како еден Божји народ Христијански Православен, Нов Израил, но во твоето писмо предраг мој пријателе, меѓу редови се мисли на единство поинакво: на она кога сме биле едно ’во времја светог краља Милутина, Цара Душана и владике Николаја‘.

Ех брате мој, во времето кога владика Николај беше ’у вардарској бановини‘ тогаш мојот народ најсилно и најжалосно прокрвари. Српските власти едноверниче мој, во тоа време ги убиваа највредните синови на оваа земја, највредните умови на овој народ. За тие страданија овој народ пееше и песни, кои се разбира во заедничката ни наша СФРЈ беа забранети. Крварел овој народ мој и друг пат, но во времето на српската труба најжалосно, оти крвта сега ја лееше нашиот брат, оној со кого заедно сме јаделе Леб и сме оделе во Божјиот Дом. И што ни вреди пофалбата што владиката Николај кога бил во Охрид татковски се грижел за 30-тината полуписмени свештеници кои ги затекнал, кога српската Црква, откако противзаконски со пари го откупи правото на овие територии од новите фанариоти, го избрка во прогонство свештенството и монаштвото и сето духовенство? Што? Зарем немавме ние, пред да дојдете вие во Охрид, учено свештенство и интелектуалци? Зарем немавме ние школи во Солун, во Битола, во Штип, и по сиот Пирин и крај Белото Море, уште пред Србијанците и да помислат дека имаат било каков интерес во Македонија? Како тоа Црквата во Македонија (конкретно во вардарскиот дел кој беше во СФРЈ) во 60-тите години на минатиот век, да не поседува сопствено монаштво? Како тоа Божјиот народ од Македонија да биде

принуден да избира епископи од зборот на женетите свештеници на кои чекаше да им починат сопругите за да може да ги замонаши и потоа постави за епископи? Како тоа после „златниот век на црквта во вардарска бановина“ за време на владиката Николај во Македонија монаштвото беше искоренето до крај? Зарем тоа доликува на последица од една златна ера? Јас би рекол дека тоа повеќе наликува на жалосна глетка после цунами или чума.

Немој брате, немој, најмрачниот период во нашата понова историја, за којшто сеуште постојат помеѓу нас и живи сведоци, од којшто ехата на тажачките на македонската мајка сеуште се слушаат и одекнуваат, немој да ни го претставуваш како славно потсетување на нашето и ваше взаемно романтично единство, оти во сето тоа добро знај романтично нема ништо, освен херојската смрт на нашите отци, учители, интелектуалци, и младинци херои, кои крвареа под чизмата на србијанската жандармерија. Оти на тој начин едноверниче мој, ако продолжиш за тој период и понатаму да мислиш дека за нас тој е светол, ќе посведочиш за себе, или дека не знаеш точно што се случувало (и со тоа ќе признаеш дека и самиот си сеуште под влијание на комунистичката псевдоисториографија), или пак ќе посведочиш дека намерно си пристрасен и пишуваш со великосрпски интерес (во што не би сакал да поверувам).

И што ни вреди нам, тоа што владиката Николај се залагал да отвори во Охрид школи во кои ќе може да се учат на арнаутски и српски јазик разни занаети, кога вашиот крал и администрацијата што ја испраќаше кај нас ги гонеа нашите доктори, инжињери, правници и учители, кои веќе 50 години наназад се школуваа во Виена, Париз, Русија, Цариград и Солун?

Кој град во вардарска бановина, за време на златниот век на владика Николај, имаше началник домороден, кој град или село имаше учители домородни? Зар не беа сите назначувани од горе, од Белград и околината? Кој наш град македонски родил просветители српски? Кој наш град родил српски министри ’у краљевој‘ влади? Кој наш град македонски родил српски генерали и офицери? Кој наш град македонски родил српски премиери и амбасадори? Но како може, ќе речете, една ’земља сељака као што је до тада била Мачедонија‘ да роди просветители, министри, генерали, премиери и амбасадори и академици? Може, може, и таа 100 години пред владиката Николај имаше родено и раѓаше и понатаму и просветители, и учители, и свештенство, и министри, и генерали, и премиери и амбасадори, само не српски. А чии?

Во 19-ти век, пријателе и брате мој, во Македонија постоеше борба меѓу нас и Грците, и таа борба, иако ѕверска и жалосна, и незамислива помеѓу браќа едноверни и неоправдана (гледана со очите на побожните), од световна гледна точка можеби и имаше некоја основа: ете, ќе рече некој, тогаш на териториите во Македонија се судрија нашите интереси, имаше помеѓу нас што да се дели (иако најдобро ќе беше да не се обидуваме да делиме ништо ами да се согласиме да живееме во една посебна заедничка држава како Швајцарија на Балканот, и Македонија место јаболко на раздор да биде чаша на братско зближување). Но се случи. Ете се колевме меѓусебно со Грците, додека ги делевме нашите села, ниви, шуми и гробови и како едноверни станавме злорадост за нашите вистински непријатели (османлиите на исток и латините и протестантите на запад и ’Сион‘ најгоре и посредина). Но што имаа тука Србите? Што имаа во оваа борба Србите? Каков удел имаа, ако не оној: кога двајца се караат, третиот користи? Или братскиот наш србијански народ бргу заборави што му се кроеше и нему од страна на фанариотите само пред половина век, па се полакоми да

„подаде“ рака. Чиста добивка за младата српска држава. Ништо не можеше да се изгуби, само да се добие. Е пријатели и братијо наша, вие влеговте во нашата несреќа водени од корист на трет брат (јас повеќе би рекол небрат и лицемер) кој гледа како другите негови двајцата браќа, водени од безумие, се караат околу меѓата на нивните две соседни ниви, па место да ги поучи со љубов тој влегува во нивната кавга, завзема место и користи. Зарем не постапивте тогаш како лицемерите? И не се срамите ли сеуште за тоа време да нѐ потсетувате како за славно единство помеѓу вас и нас? Пријатели, поради вирусот што го внесовте во историографијата на мојот народ јас и во ова писмо не смеам отворено овде да ја испишам вистината, поради тој вирус и отров што го испуштивте во умовите и срцата наши и ден денес ние се тетеравиме и очите наши се помрачени и не можат да ја спознаат и поднесат светлината на вистината до крај! Поради тој вирус мојот народ до ден денес по било кое клучно прашање за него не може да донесе едногласно решение и нема непоколебливост како порано кога погледот му беше чист, а слухот непоматен од баењата на вашите сирени.

Рече Господ: познајте ја вистината и таа ќе ве ослободи! И зарем може да има единство помеѓу браќата (за коешто со голема жар и жалост пишуваш во твоето писмо) надвор од вистината? Па тогаш братијо Срби, смирете се, признајте ја својата вина пред овој народ, и почнете да ја зборувате за него вистината, а немојте и понатаму да ја премолчувате вистината или да ја извртувате, а згора на тоа како причина за разединување меѓу вас и нас да ги обвинувате комунистите и расколниците! Кои тоа расколници? Според кои канони вие браќа наши и јерархијо од Србија не ѝ признавате статус на автокефална помесна Црква, на Црквата во Република Македонија? Зарем не е доволно за постоење на автокефална помесна црква според канoните да постои посебна држава? Зарем немаме ние јерархија, монаштво, верен народ? Па и да немавме јерархија, вие нашите браќа од другите помесни цркви требаше да ни помогнете и да ја ракоположите и да ја поставите во автокефален статус- доколку постапувавте по канoните и бевте вистинољубиви и реално ја согледувавте стварноста. Но вие велите: „у Македонии црква хоче да буде национална, етнофилетизам је осуџен на сабору као јерес, МПЦ је добила статус што данас има спомочу незнабожачких власти комуниста“. А што значи придавката ’Српска‘ во името на вашата помесна црква? Може да има Српска Црква во Хрватска и во Македонија, а Македонска Црква во Македонија не, така? А каноните гледај, велат во секоја посебна држава, каде што има верен народ, да постои посебна помесна Црква. Што зарем само Србите во Хрватска може да бидат Православни Христијани? Или и ти брате веруваш во небулозата дека Хрвати сами по себе не постојат, дека Хрватите се само покатоличени Срби?! И како сега може некој Хрват да постане Православен кога мора во својата земја да оди во српска Црква каде што секогаш ќе го „освестуваат“ дека е во суштина Србин само тој тоа го заборавил?! Зарем не е „Српска“ придавка која означава нација? Сите вие зборувате дека името Македонија и придавката ’македонски,-а,-о‘ никогаш во историјата не означувало народ или нација, ами било знак на географија и територија, па зошто тогаш не го признавате тоа име као име на помесна Црква, ако тоа за вас не е ознака за националност и народ, ами територија? Според вашето сфаќање околу придавката ’македонски,-а,-о‘, таа е единствена од сите придавки кои ги носат останатите помесни цркви во нашето опкружување, која, како што и самите велите, не е знак на националност. Па зошто тогаш вашите пастири не ја дозволуваат и зборуваат

дека е етнофилетистичка? А вака произлегува, дека и вие Србите, а на самиот почеток и самите Грци кои ја осудиле оваа ерес на собор во 19-ти век, го осудувате и не го дозволувате етнофилетизмот само поради вашиот интерес да ги зачувате вашите, веќе, фала Му на Христа Бога, невозможни, великоетнофилетистички аспирации и похоти спрема останатите народи кои живеат околу вас. И што? Која е канонската оправданост ние во вардарска Македонија да немаме автокефална Црква, па макар да сме биле и марсовци и да сме се доселиле вчера и да сме се зачнале од комунисти? Ете, постоиме како засебна независна држава, вашата влада го признава нашето постоење, помеѓу вас и нас постојат државни граници, зарем не е тоа и самата смисла на постоење на помесни цркави? Што, зарем смислата на постоење на помесните цркви е националната црква да ги негува традициите на народот чие име го носи? Ви сте против етнофилетизмот така? Па од каде тогаш, во Австралија да постои Српска Црква, од каде тогаш во Америка, од каде српски цркви ширум Европа? Авај, не постои ли европски константинополски Егзархат? Не постои ли призната помесна официјална Црква во Америка? Па каде се таму за вас Србите Каноните? Да, постојат и македонски цркви и во Австралија, и во Америка и низ Европа, не порекнувам. ’Али ето, ми смо, како ви кажете, етнофилетисти, а ви нисте?!‘

А околу незнабожечката власт, околу комунистите, и нивниот удел во, и контрола над, сите помесни официјални цркви во државите на бившиот комунистички свет, и масоните во некомунистичките „слободни“ држави, и уделот и улогата на денешниве либерали и демократи (колку се овие побожни или ннезабожни), тоа ќе го премолчам оти сите ние тоа добро го познаваме, бидејќи во ова време и живееме.

Па добро тогаш, кого вие брате мој нарекувате расколници кај нас во Македонија? Па сиот овој народ ја има таа јерархија за своја, нејзиното монаштво е чедо на овој народ. Кого вие нарекувате браќа кај нас, и за кое единство жалите, кога сите ние мнозинството сме според вас расколници? Па сите ние овде се причестуваме од Путирот кого вие го нарекувате расколнички. Па тогаш, за единство со кој народ вие жалите? Па овој народ и сака единство со вас, и ви пружа рака, но вие во неговото страдално гнездо положивте и снесивте кукавичино јајце, тоа се испилило, и сега вие на сиот глас викате: ’ето младенца нашег, ето права нашег...!‘ а што? Која вистинска мајка, којашто душата своја ја полага за пилињата свои нема до крв да го одбрани правото на своето гнездо и нема да ги заштити своите пилиња од породот кукавички?

Еве, нека на Православните верници во Македонија им биде дадено да одлучат со плебисцит: македонската Црква да ја предаде својата автокефалност на српската Црква по цена на признавање (’за‘ или ’против‘). ’ЗА‘ ќе гласаат единствено членовите на вашата Јованова ПОА. А што? Зарем тие не се во единство со вас и до сега? Тогаш за единство со кого вие жалите?

Брате мој и Православен Владимире, многу пати сум се уверил од твоите текстови, како Православен писател, дека си вистинољубив, и дека ревнуваш за вистината. Дај тогаш, потврди го тоа вистинољубије и на дело, и жртвувајќи ја својата репутација и ризикувајќи стравотен напад од страна на националромантичарските кругови во твојата земја, прегрни ја вистината и отфрли ја лагата, и прв напиши текст на српски јазик во кој ќе проговориш и ќе ја кажеш вистината: ’да српска Црква после првог светског рата је на неканоски начин овладала и парама купила територије данашње Републике Македоније од Цариграда, па због тога треба да добровољно положи своја права над вардарску

Македонију и врати их Цариграду.‘ Напиши брате мој, дека српската црква и јерархија треба да ѝ рече на нашата јерахија: ’опростите брачо, сагрешили смо према вама, били смо за вас разлог спотицања и саблазни, ево врачамо право што смо парама купили од Цариграда Цариграду и признање тражите од Цариграда, а не од нас, јер ми ту власт, да охридска црква од нас тражи благослов постања и бивања никад нисмо ни имали...‘

Напиши брате, почни така да пишуваш и зборуваш, и тогаш сите ќе се увериме во твојата искрена љубов кон Охрид и твојата жалост за нашето нарушено единство.

Бог Се јави и објави,
нек се јави и објави и вистината помеѓу нашите народи!

На Богојавление,
монах виктор